# Некои работи се надвор од наша контрола.

Но можеме да ги заштитиме децата од заразни болести како што се морбили, рубеола и заушки.



Република Северна Македонија
Министерство за здравство

UN COVID-19 Response and Recovery Fund
#RecoverBetterTogether

unicef
for every child

**Благодарение на високите стапки на вакцинација, некогашните деца, а денешни родители, ја имаа таа среќа да растат без да искусат некој член од семејството или пријател да им почине или да има доживотни последици од болести како што се морбили или детска парализа (полиомиелит). Иронично, ова е една од причините зошто некои веруваат дека болестите што можат да се спречат со вакцини веќе не се закана за децата.**

**Но, со намалувањето на стапката на вакцинација кај децата, расте ризикот од враќање на овие болести, како што беше случај и во нашата земја со епидемијата на мали сипаници пред неколку години.**

Вакцините се најбезбедниот, најлесен и ефикасен начин за заштита на здравјето во детството и низ целиот натамошен живот.

САМО ВО ПОСЛЕДНИТЕ 60 СЕКУНДИ РЕДОВНИТЕ ВАКЦИНИ ЗА ДЕЦА СПАСИЛЕ 5 ЖИВОТИ. ТОА СЕ УШТЕ 5 ДЕЦА ШТО СЕ ЗАШТИТЕНИ ОД СМРТОНОСНИ БОЛЕСТИ И КОИ ЌЕ МОЖАТ СРЕЌНО ДА РАСТАТ И ДА ВОДАТ ЗДРАВ ЖИВОТ.



# НЕКОИ РАБОТИ СЕ НАДВОР ОД НАША КОНТРОЛА.

**НО МОЖЕМЕ ДА ГИ ЗАШТИТИМЕ ДЕЦАТА ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ КАКО ШТО СЕ МОРБИЛИ, РУБЕОЛА И ЗАУШКИ.**

РЕДОВНАТА ИМУНИЗАЦИЈА СПАСУВА ИЛЈАДНИЦИ ЖИВОТИ СЕКОЈА ГОДИНА.

НО КАКО ДА ГИ ПРЕПОЗНАЕШ СИМПТОМИТЕ, КОИ СЕ КОМПЛИКАЦИИТЕ ОД МАЛИ СИПАНИЦИ И КАКО НАЈЛЕСНО МОЖЕШ ДА ГО ЗАШТИТИШ СВОЕТО ДЕТЕ?

# ШТО СЕ МОРБИЛИ?

**МОРБИЛИ ИЛИ МАЛИ СИПАНИЦИ СЕ ЕДНА ОД ВОДЕЧКИТЕ ПРИЧИНИ ЗА СМРТ КАЈ МАЛИТЕ ДЕЦА НА ГЛОБАЛНО НИВО, И ПОКРАЈ ДОСТАПНОСТА НА БЕЗБЕДНА И ЕФИКАСНА ВАКЦИНА.**

**повеќе од 200.000** лица умреле од мали сипаници во **2019** година

**главно деца помали од 5 години.**

## ПРЕПОЗНАЈ ГИ СИМПТОМИТЕ



Првиот знак на мали сипаници, обично, е висока температура, која најчесто почнува околу 10 до 12 дена по изложеноста на вирусот и трае 4 до 7 дена.



Во почетната фаза може да тече носот, да се појават кашлица, црвени и насолзени очи и мали бели точки на слузницата што ја обложува усната празнина.



По неколку дена обично се исипуваат лицето и горниот дел на вратот. Во текот на 3 дена се исипува телото, и на крајот дланките и стапалата. Трае 5 до 6 дена, а потоа исчезнува. Во просек, исипувањето се јавува 14 дена по изложеноста на вирусот (во опсег од 7 до 18 дена).

# КОМПЛИКАЦИИ ОД МОРБИЛИ

**НАЈСЕРИОЗНИТЕ КОМПЛИКАЦИИ ВКЛУЧУВААТ СЛЕПИЛО, ЕНЦЕФАЛИТ (ИНФЕКЦИЈА НА МОЗОКОТ), ТЕЖОК ПРОЛИВ ПРОСЛЕДЕН СО ДЕХИДРАТАЦИЈА, ИНФЕКЦИИ НА УВОТО ИЛИ ТЕШКИ РЕСПИРАТОРНИ ИНФЕКЦИИ, КАКО НА ПРИМЕР ПНЕВМОНИЈА.**

Компликациите предизвикани од морбили се тешки, а понекогаш и трајни, вклучувајќи хоспитализација и смрт.

**МАЛИТЕ СИПАНИЦИ СЕ НАЈЗАРАЗНОТО РЕСПИРАТОРНО ЗАБОЛУВАЊЕ. ТОЛКУ СЕ ЗАРАЗНИ ШТО АКО ПОЕДИНЕЦОТ ИМА СИПАНИЦИ, 9 ОД 10 ОД НЕГОВИТЕ БЛИСКИ КОНТАКТИ ШТО НЕ СЕ ИМУНИ, ИСТО ТАКА, ЌЕ СЕ ЗАРАЗАТ.**



Вообичаено се пренесуваат преку воздушнокапков пат и директен контакт. Вирусот го инфицира респираторниот тракт, а потоа се шири низ организмот. Не постои специфична антивирусна терапија за лекување морбили.




**МЕЃУ 2000 ГОДИНА И 2018 ГОДИНА, ВАКЦИНАЦИЈАТА ПРОТИВ МАЛИ СИПАНИЦИ СПРЕЧИЛА 23,2 МИЛИОНИ СМРТНИ СЛУЧАИ НА ГЛОБАЛНО НИВО.**



# НАЈЧЕСТО ПОСТАВУВАНИ ПРАШАЊА

## ВАКЦИНА ПРОТИВ МОРБИЛИ, РУБЕОЛА И ЗАУШКИ

ШТОМ НАВРШАТ **12 МЕСЕЦИ,** СИТЕ ДЕЦА ТРЕБА ДА ПРИМАТ ПРВА ДОЗА ОД ВАКЦИНАТА ПРОТИВ МОРБИЛИ, ЗАУШКИ И РУБЕОЛА (МРП ВАКЦИНА). БЕЗ ОВАА ВАКЦИНА ВАШЕТО ДЕТЕ Е ИЗЛОЖЕНО НА **РИЗИК** И МОЖЕ ДА СЕ РАЗБОЛИ ОД ОВИЕ **СЕРИОЗНИ БОЛЕСТИ.**

## КОИ СЕ НЕСАКАНИТЕ ЕФЕКТИ ОД ВАКЦИНАЦИЈАТА?

- ВАКЦИНАТА Е МНОГУ ПОБЕЗБЕДНА ОД ЗАБОЛУВАЊЕТО СО МАЛИ СИПАНИЦИ, ЗАУШКИ ИЛИ РУБЕОЛА. ПОВЕЌЕТО ДЕЦА НЕМААТ НИКАКВИ СЕРИОЗНИ ПРОБЛЕМИ.

Вакцините, како и секој лек, може да имаат несакани ефекти.

Чести несакани ефекти се: болка во раката од боцкањето, температура и благо исипување. Многу ретки несакани ефекти се алергиска реакција или грчеви.

# ШТО ИМА ВО ВАКЦИНАТА? САКАМ ДА ГИ ЗНАМ СОСТОЈКИТЕ.

• ВАКЦИНИТЕ СЕ ТЕМЕЛНО ТЕСТИРАНИ ВО ПОГЛЕД НА БЕЗБЕДНОСТА; МИЛИОНИ ДЕЦА БЕЗБЕДНО ЈА ПРИМИЛЕ ОВАА ВАКЦИНА.

Вакцините содржат само состојки што придонесуваат за нејзината безбедност и ефикасност. Секоја состојка или гради имунитет, ја одржува вакцината безбедна и долготрајна или е дел од производството на вакцината.

# МОЖЕ ЛИ ДА ЈА ОДЛОЖИМЕ ВАКЦИНАЦИЈАТА? МИСЛАМ ДЕКА МОЕТО ДЕТЕ Е ПРЕМАЛО.

• ВАКЦИНАТА СЕ ДАВА НА ДЕЦА НА ОВАА ВОЗРАСТ НИЗ ЦЕЛИОТ СВЕТ, СИГУРНИ СМЕ ДЕКА Е БЕЗБЕДНА.

Лекарите препорачуваат вакцината МРП да се прими штом вашето дете наврши 12 месеци, за негова максимална заштита. Секое одложување го продолжува времето кога вашето дете е ранливо на овие смртоносни болести, зголемувајќи го ризикот.

# ДАЛИ ВАКЦИНИРАЊЕТО Е НАВИСТИНА ПОТРЕБНО? НЕ МОЖЕ ЛИ ИМУНИОТ СИСТЕМ НА МОЕТО ДЕТЕ ПРИРОДНО ДА СЕ ИЗБОРИ?

• БЕЗ ВАКЦИНА ВАШЕТО ДЕТЕ МОЖЕ ДА БИДЕ ДОБРО, НО МОЖЕ И ДА СЕ ЗАРАЗИ, ШТО МОЖЕ ДА ДОВЕДЕ ДО ТЕШКА БОЛЕСТ, НЕПЛОДНОСТ, ПОПРЕЧЕНОСТ, А ДУРИ – РЕТКО – И ДО СМРТ.

Детскиот имун систем не може со сигурност да се избори со овие болести, па затоа треба да прими вакцини.

Во последните неколку години имаше неколку епидемии на мали сипаници, во кои видовме дека е поверојатно децата да се разболат или да умрат.

# ДАЛИ ВАКЦИНАТА ПРЕДИЗВИКУВА АУТИЗАМ?

Научниците темелно го истражија ова прашање и не пронајдоа никаква поврзаност. Уверени сме дека вакцините не предизвикуваат аутизам.

Децата што не примиле МРП вакцина на 12 месеци имаат ист ризик од аутизам како и вакцинираните деца.

Република Северна Македонија
Министерство за здравство

UN COVID-19 Response and Recovery Fund
#RecoverBetterTogether

unicef
for every child